**ПРЕДЛОГ**

# ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ 2023-2027

Декември,2022

Содржина

1. Вовед во ИПЛР....2
1.1. Воведно писмо од градоначалникот....2
1.2. Цел на ИПЛР....4
1.3. Методологија....4
1.4. Структура на ИПЛР....5
1.5. Институционална рамка....5
2. Повикување на релевантни национални, регионални и локални стратешки документи – вертикална и хоризонтална интеграција на ИПЛР....6
2.1. Вертикално поврзување....7
2.1.1. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2030....7
2.1.2. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ....7
2.1.2.1. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2021 – 2031 ГОДИНА....8
2.1.2.2. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2021 – 2027 ГОДИНА....9
2.1.2.3. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (2018 – 2023)....9
2.1.3. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО РЕГИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ....10
2.1.3.1. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026....10
2.2. Хоризонтално поврзување....10
3. Анализа на моменталната состојба во општината....11
3.1. Социо-економска анализа на општината....11
3.1.1. КРАТОК ОПИС НА ОПШТИНАТА....11
3.1.2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БОГДАНЦИ....11
3.1.3. СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ....12
3.1.4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ....13
3.1.5. ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА....16
3.1.6. ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ....18
3.2. СВОТ-анализа....24
4. Од анализи до тактики и оперативно планирање и стратешки (развојни) цели....25
5. Создавање идеи за проект и проектно портфолио на ИПЛР....39
6. Финансиска рамка на имплементацијата....55
7. Клучни индикатори за успешност....57
8. Спроведување на ИПЛР....60
8.1. Спроведување....60
8.2. Мониторинг и известување....61
8.3. Стратегија за комуникација....61

1. **Вовед во ИПЛР**

*1.1 Воведно писмо од градоначалникот*

Почитувани,

Општината е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локалната економска политика; подршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство.

Имајќи го тоа во предвид, Општина Богданци спроведе активност за стратегиско планирање и за изработка на Интегриран план за локален развој на Општина Богданци 2023-2027 година.

Интегрираниот план за локален развој на општина Богданци се базира на веќе реализираните стратегиски определби и стекнатото искуство од досегашниот и тековниот процес на планирање и спроведување на претходниот стратешки план. Овој документ ги утврдува насоките за идниот развој на општината и претставува рамка за останатите и идни секторски и акциски планирања.

Процесот на стратешко планирање е процес во кој се определуваат целите и приоритетите кои се сметаат за најважни, се дефинираат програми, проекти и активности преку кои се остваруваат дефинираните приоритети и се утврдуваат потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Моделот на стратешко планирање е усвоен од претходниот процес на изготвување на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци, кој беше поддржан од УНДП и каде покрај другото се развиваа капацитетите на локалната самоуправа за подготовка на вакви и слични документи.

Со стекнатите знаења и искуства го подготвуваме самостојно тековниот Интегриран план за развој на општина Богданци врз база на темелна анализа на европски и македонски практики во областа на стратешкото планирање.

Се надевам дека содржината на Интегрираниот план за локален развој на општина Богданци 2023-2027, односно неговата реализација во периодот што следи во најголема мера ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и квалитетот на услугите кон граѓанскиот сектор и деловните субјекти.

На крај сакам да упатам посебна благодарност до членовите на тимот за спроведување на процесот на изработка на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци за периодот 2023 – 2027 година.

Градоначалник
на Општина Богданци
Блаже Шапов

**Тим за изработка на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци**

| Р.Бр | Член | Компанија/Институција/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Александар Семенпеев | Печатница Софија |
| 2 | Никола Шелдаров | ДООЕЛ Монета |
| 3 | Ристо Туранов | Туран ДООЕЛ |
| 4 | Христо Минов | Фонд за здравствено осигурување на Македонија |
| 5 | Ангел Воденичаров | АВРМ, Центар за вработување Гевгелија |
| 6 | Росица Шабанова | СОУ „Богданци“ |
| 7 | Невена Петрушева | ООУ „Петар Мусев“ |
| 8 | Савка Влахова | ООУ „Кирил и Методиј“ |
| 9 | Цветанка Атанасова | Претставник на млади (СОУ „Богданци“) |
| 10 | Мануела Пелтековска | Претставник на млади (СОУ „Богданци“) |
| 11 | Иван Вангелов | ЗЗ АгроБогданци |
| 12 | Сашо Ивановски | ЗКУД Бранд Петрушев |
| 13 | Васе Стамков | ЗГ 25-мина Стојаково |
| 14 | Борис Ванчев | Совет на општина Богданци |
| 15 | Михаил Тодоров | Совет на општина Богданци |
| 16 | Борис Роглев | Совет на општина Богданци |
| 17 | Никола Стратров | Совет на општина Богданци |
| 18 | Соња Маџирова | ЕЛС Богданци |
| 19 | Митко Влахов | ЕЛС Богданци |

### **1.2** *Цел на ИПЛР*

Интегрираниот план за локален развој има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува Општина Богданци, како и да предложи начин за нивно надминување. Тоа е возможно доколку кон неговата изработка се пристапи сериозно, со вклучување на сите локални актери во еден партиципативен процес, со почитување на претходните циклуси на планирање, преку надминување на секторскиот пристап со ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување реален долгорочен развој и подобар квалитет на животот на целокупната локална заедница.
Со ваквиот пристап ќе се постигнат повеќекратни ефекти, а пред сè:

- Вклучување во процесот на сите засегнати страни на локално ниво преку мобилизирање и мотивирање заради зголемување на нивото на доверба меѓу цивилниот и јавниот сектор, и развивање на меѓусебните односи и врски, како и зголемување на шансите за подобра реализација на утврдените приоритети во планот;
- Добивање веродостојни резултати од извршената социо-економска анализа и СВОТ-анализа и обезбедување јасна слика за недостатоците, пречките, но и предностите на заедницата кои најдобро ќе се искористат при дефинирање на посакуваната состојба;
- Надминување на секторското планирање преку изготвување на структурно-оперативен план кој ќе ги третира проблемите интегрирано, од различни димензии (социјалните, економските, животната средина, инфраструктура), ќе биде конкретно насочен кон акција и ќе се спроведува во партнерство со локалните засегнати страни.

Стекнатото искуство при изработка на претходниот Интегриран план, како и резултатите од неговата имплементација ни влева сигурност дека и за периодот што следи ќе планираме истотака реално и добро.

### **1.3** *Методологија*

Усвоената методологија применета при изработка на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци за периодот 2019-2022, која беше дело на консултанскиот тим поддржан од страна на УНДП ќе ја користиме и при изработката на новиот Интегриран план. Процесот на изготвување треба да обезбеди задржување на постојната структура на Интегрираниот план, ажурирање на основните податоци, воведување на нови приоритети и мерки согласно актуелните предизвици со кои се соочуваме на локално ниво, притоа водејќи сметка за :

- Задржување на основните методолошки принципи за создавање здрави односи со релевантните засегнати страни во општината, со обид на транспарентен начин да се вклучат преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но пред сè во процесот на нејзино спроведување. Ова произлегува од самиот процес на изготвување на планот, каде најголем дел од работите/податоците само се пренесуваа (со извесна доработка) од постојниот Интегриран план за локален развој на Општина Богданци 2019-2022.

  Во таа смисла еден дел од чекорите вообичаени за ваков процес ги прескокнавме (немаше реална потреба од нив) или ги приспособивме на ситуацијата во кој се одвиваше овој процес. Ја искористивме постојната анализа на заинтересирани страни, тимот кој работеше на изготвување на претходниот план незначително се промени, извршивме консултации со сите институции/поединци од тој тим, каде беше објаснета состојбата со цел да останат и понатаму вклучени во реализација на самиот процес. Добивме многу позитивен повратен ефект со останување на речиси сите институции во тимот за подготовка на новиот Интегриран план со

промени кај учесниците (иста компанија/институција – друго лице). Средувањето на овие податоци како обврска го презеде Одделението за ЛЕР од Општина Богданци. По изготвувањето на Нацрт-верзијата на планот и добиената согласност од членовите на тимот ќе се изготви Предлог верзија која ќе оди на усвојување од страна на Советот на општина Богданци.

- Обезбедување хоризонтална поврзаност на планот преку интегрирање на останатите , актуелни, општински планови и програми и усогласување со нив – што се извршува преку длабока анализа на целите и мерките од секој план/програма поединечно и нивен редизајн за да одговорат целосно во процесот на имплементацијата преку планираните проекти.

### **1.4** *Структура на ИПЛР*

Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци е составен од осум глави.

Во Првата глава централно место зазема поздравното обраќање на градоначалникот и тимот за изработка на планот. Потоа следуваат целите, методологијата структурата и институционалната рамка врз која се темели изработката на овој план.

Во Втората глава се обработува вертикалната и хоризонталната усогласеност на планот со релевантните документи од повисок ранг, како и со локалните документи. Особено е важно да се напомене дека колку што е значајна усогласеноста со европските, националните и регионалните релевантни документи, исто толку е важна анализата на локалните документи, бидејќи во содржината на овој документ се инкорпорирани најважните приоритети од сите консултирани локални документи.

Третата глава се однесува на анализа на состојбата во општината од повеќе аспекти, само накратко, за да не се оптоварува документот со статистички податоци (кои се достапни во секое време), како и на СВОТ-анализата.

Во Четвртата глава, врз основа на претходните анализи, се развиени стратешките цели, приоритети и мерки на ИПЛР. Врз основа на три стратешки цели се развиени голем број проекти и активности со чија реализација ќе се надминат голем број предизвици кои имаат директно влијание врз севкупниот развој на Општина Богданци.

Петтата глава е приказ на проекти обработени во проектно портфолио со цел полесен преглед и подготовка за аплицирање за средства за нивна реализација.

Во Шестата глава се обработува финансиската рамка за реализација на приоритетите, со приказ на клучните индикатори за мерење на успешноста на реализацијата во Седмата глава.

Осмата глава се однесува на најзначајниот момент во периодот на важност на планот, кој треба постојано да се следи да се известува за него, но и да се менува доколку за тоа постои потреба. Посебно внимание треба да се обрне на историското минато и искуствата со оваа фаза од спроведувањето на развојните планови, што ни потврдува дека за ова, и понатаму,се прават многу малку или никакви напори.

### **1.5** *Институционална рамка*

Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци својот легалитет го црпи од Законот за локална самоуправа, член 22, став 1, точка 3 („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002), каде една од надлежности на општините е и локалниот економски развој: „Општината е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира планирање на локалниот економски развој;

утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локалната економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство“, како и од Статутот на Општина Богданци („Сл. гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19 ,02/20 и 11/21), член 16, став 1, точка 3, кој се однесува за истата надлежност.

**Органограм 1: Институционална рамка**




2. **Повикување на релевантни национални, регионални и локални стратешки документи –** вертикална и хоризонтална интеграција на ИПЛР.

При изработката на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци, а со цел негова вертикална и хоризонтална усогласеност, беа консултирани и земени предвид приоритетите на Европската Комисија за периодот 2019-2024 и заедничката енергетска и климатска Стратегија 2030 на ЕУ за периодот 2020-2030, стратешки документи од национално и регионално ниво, како и документите на локално ниво.

## 2.1 Вертикално поврзување

### 2.1.1 ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2030

Стратегијата 2030 на ЕУ има за цел основање Енергетската унија која се заснова на постојната енергетска политика на ЕУ, вклучувајќи ја рамката за енергетска и климатска политика до 2030 година и стратегијата за енергетска безбедност.
Комисијата подготви план за Европската енергетска унија, кој ќе обезбеди безбедна, достапна и еколошка енергија за граѓаните и бизнисите на ЕУ. На овој начин ќе се овозможи слободен проток на енергија преку националните граници во ЕУ.
Политички мерки кои ќе обезбедат постигнување на целите се:

- Реформа на системот за тргување со емисии на стакленички гасови (ETS).
- Воведување нови показатели за конкурентност и безбедност на енергетскиот систем. (Примери, разлика во цената помеѓу главните играчи, диверзификација на понудата и капацитетот за поврзување помеѓу членките на ЕУ).
- Нов лидерски систем заснован на национални планови за конкурентен, безбеден и ефикасен енергетски пазар.

Овие планови, засновани на европските насоки, ќе бидат изразени со цел да се овозможи поголема сигурност кај инвеститорите, поголема транспарентност и подобрување на кохерентноста на политиките, како и подобрување на координацијата низ ЕУ.
Цели за 2030 година:

- Намалени емисии на стакленички гасови за 40% во споредба со нивоата измерени во 1990 година.
- Најмалку 27% од потрошената енергија треба да се генерира од обновливи извори.
- Најмалку 27% заштеда во потрошувачката на енергија во споредба со сценариото „бизнис како и обично“.

Од друга страна Европската Комисија за периодот 2019-2024 ги има дефинирани следните 6 приоритети:

1. Европски зелен план
2. Европа е подготвена за дигиталната ера
3. Економијата во интерес на граѓаните
4. Посилна Европа во светот
5. Промовирање на европскиот начин на живот
6. Нов поттик за европската демократија

Свесноста за присутноста на климатските промени, енергетскиот предизвик, промовирање на зелениот план и европските вредности, преку утврдените приоритети претставува водечка цел на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци, за да може нивната реализација да обезбеди значителен развој на земјоделскиот сектор и руралните средини и постигнување економски раст преку заштита на животната средина, а со тоа и подобрување на условите за живот и зголемување на животниот стандард во општината.

### 2.1.2 ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ

При консултирање на релевантните национални стратешки документи, основна појдовна точка беше дека националните стратегии и останати документи се во согласност со погоренаведените цели и иницијативи на Европската Унија.
Предмет на анализа и усогласување беа следните документи:

## 2.1.2.1 ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ
## СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2021-2031 ГОДИНА

Стратешките цели

**Стратешка цел 1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализија и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции**

Приоритет 1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој

Приоритет 1.2: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот

Приоритет 1.3: Изградба на транспортна, телекумуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони

Приоритет 1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и развој на индустријата

Приоритет 1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал

Приоритет 1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони

Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус

**Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението**

Приоритет 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби

Приоритет 2.2: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање

Приоритет 2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони

Приоритет 2.4: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони

Приоритет 2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд

Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита

**Стратешка цел 3: Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво**

Приоритет 3.1: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој

Приоритет 3.2: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати

Приоритет 3.3: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети

од оваа Стратегија се однесуваат директно на регионите во Република Северна Македонија. Меѓутоа, подеталната анализа сугерира дека не е возможно ни да се размислува за регионален, па уште и рамномерен развој без развој на секоја општина поодделно. Посебно Приоритетот 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни

потреби, се однесува директно на подрачја кои се составен дел од општините, вклучувајќи ја и Општина Богданци.

### 2.1.2.2 ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2027 ГОДИНА

Ако се погледнат Стратешките цели

1. Подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор,
2. Економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,
3. Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите и
4. Обезбедување на одржлив развој на руралните средини.

со специфичните цели од оваа Стратегија,

СЦ1. Поддршка на одржливиот приход на земјоделските стопанства заради нивен придонес кон подобрување на сигурноста во обезбедувањето на доволно храна

СЦ2. Зајакнување на пазарната ориентацијата и зголемување на конкурентноста, со особен фокус на истражувањето, технологијата и дигитализацијата

СЦ3. Подобрување на положбата на земјоделците во синџирот на додадена вредност на земјоделски производи

СЦ4. Придонес кон ублажување на климатските промени и прилагодување кон истите, како и поголема примена на одржливата енергија

СЦ5. Поттикнување на одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси како што се вода, почва и воздух

СЦ6. Придонес кон заштита на биодиверзитетот, подобрување на услугите на екосистемот и зачувување на природните живеалишта и пределите

СЦ7. Привлекување на млади земјоделци и олеснување на развојот на бизнисите во руралните средини

СЦ8. Промовирање на вработување, раст, социјална вклученост и локален развој во руралните средини, вклучително и био-економија и одржливо шумарство

СЦ9. Подобрување на одговорот на земјоделството кон барањата на општеството за здравствените аспекти на храната, вклучувајќи ги безбедноста, нутритивниот состав и одржливоста на храната, храна која завршува како отпад, како и благосостојбата на животните

ќе се види дека постои поврзаност со ИПЛР за Богданци во сите нив. Поврзаноста е особено директна кај СЦ4, СЦ5, СЦ6, СЦ7, СЦ8 и СЦ9.

### 2.1.2.3. ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (2018 – 2023)

Конкурентните МСП се двигатели на инклузивен економски раст и на создавање продуктивни и пристојни работни места и затоа приоритетите на Интегрираниот план за локален развој на Општина Богданци се во директна врска во целост со програмите од првите два (од трите) столба/цели: Стратешка цел 1 – Поволно деловно опкружување, Стратешка цел 2 – Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП, Стратешка цел 3 – Динамичен екосистем на претприемништво и иновации) и со некои од програмите во третиот столб.

### 2.1.3 ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО РЕГИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ

#### 2.1.3.1 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026

Општина Богданци припаѓа на Југоисточниот плански регион и сосема е разбирливо што за предмет на анализа се земени документите од овој регион, а првенствено Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021 – 2026 година. Вредно е да се спомене дека во изработката на овој, како и на другите регионални документи, редовно учество земаат заинтересирани страни од Општина Богданци.

ИПЛР на Општина Богданци е во согласност со сите пет цели и приоритети на регионалната стратегија (Стратешка Цел 1.: Развивање на претприемништвото и индустријата, потикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна инвестициска клима;Стратешка Цел 2: Развивање и осовременување на инфраструктурата во Југоисточниот плански регион;Стратешка Цел 3: Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот;Стратешка Цел 4.: Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја и Стратешка Цел 5.: Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали).

### 2.2 Хоризонтално поврзување

Ако при анализата на европските, националните и регионалните документи зборувавме за директна врска и за напор да се постават цели кои означуваат и овозможуваат одржлив и инклузивен раст, усогласено секаде каде што тоа е можно, при анализата на локалните документи повеќе станува збор за интегрирање на сите поединечни во еден стратешки документ кој мудро ќе ги содржи најзначајните и реално остварливи приоритети. Начинот на работа се однесуваше на споредување на поединечните документи и издвојување на сите цели и приоритети кои се преклопуваат и се однесуваат на иста работа.

Посебно се обрна внимание на стратешките документи и програми чиј период на имплементација е сеуште актуелен, и тоа:

**Програма за енергетска ефикасност на Општина Богданци 2021 – 2023**, во сите мерки и активности,

**Локален еколошки акционен план на Општина Богданци 2019-2025**,во сите области, посебно во деловите кои се однесуваат на одговорноста на општината согласно законската регулатива и **Стратегија за развој на туризмот во општина Богданци 2024-2027**, согласно потребите на ИПЛР.

Без разлика што консултираните стратешки документи во претходниот програмски период во најголема мера се со истечен (или пред истекување) период на важност (Стратегија за локален развој на Општина Богданци 2015 – 2020; Стратегија за рурален развој на Општина Богданци 2015 – 2020;Стратегија за климатски промени на Општина Богданци 2020; Локален акцискиот план за вработување на Општина Богданци 2015 – 2018; План за управување со отпад на Општина Богданци 2017 – 2022;ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ 2019 – 2022), сепак, утврдените цели, мерки и активности кои не се реализирани а се сеуште актуелни и со големо влијание за развојот на општината се земени во предвид.

## 3. Анализа на моменталната состојба во општината

### **3.1** Социо-економска анализа на општината

#### *3.1.1 КРАТОК ОПИС НА ОПШТИНАТА*

Општина Богданци го зафаќа просторот на крајниот јужен дел на Република Северна Македонија, и тоа од левата страна на реката Вардар. Морфолошки, општината во основа е рамничарска, со мошне добар бонитет на земјиштето, така што се вбројува во најдобрите аграрни простори, особено за производство на раноградинарски култури. Атарот на Богданци зафаќа површина од 6.700 ха, од кои под обработливи површини се 1.561,4 ха, пасиштата зафаќаат 2.107,7 ха, а на шумите отпаѓаат 2.719,5 ха. Општината Богданци се граничи со општините Дојран, Валандово и Гевгелија, а на поширок простор и со државната гранична линија со Република Грција. Според површината, се вбројува во помалите општини во земјата, но има најголема просечна густина на населеност од сите општини во Југоисточниот регион (78 жители/км$^2$).

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општината Богданци го сочинуваат следниве четири населени места: Богданци, Стојаково, Селемли и Ѓавото.

#### *3.1.2 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БОГДАНЦИ*

**Табела 1: Општи податоци**

| | |
|---|---|
| Седиште на Општината | Богданци |
| Адреса на седиштето | Ул. „Маршал Тито“, бр. 62, 1484 Богданци |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 12’ E 22° 34’ |
| Контакт | Тел. +389 (0)34 222-333; факс +389 (0)34 221-077 |
| Електронска пошта | opstina_bogdanci@t.mk |
| Интернет-страница | www.bogdanci.gov.mk |
| Надморска височина | 65 м н. в. |
| Територија | 114 км$^2$ |
| Население | 7.339 |
| Ден на Општината | 10 Октомври (ослободување на Богданци) |

### *3.1.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ*

**Табела 2: Сообраќајни врски**

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Индиректен пристап на автопатот А1 преку регионален патен правец | Р1109 |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1109 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Меѓународен аеродром Скопје“ – Скопје | 145 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 258 км |
| Аеродром Солун, Грција | 110 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 278 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 10,6 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 86,8 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 422 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 572 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 6,3 км |
| Бугарија | 67,4 км |
| Србија | 177 км |
| Косово | 183 км |
| Албанија | 280 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 164 км |
| Солун | 86,8 км |
| Софија | 275 км |
| Белград | 565 км |
| Загреб | 953 км |
| Истанбул | 673 км |
| Виена | 1.173 км |

| | |
|---|---|
| Будимпешта | 937 км |

### *3.1.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ*

**Население:** 7.339 жители (попис на населението 2021 година).
**Полова структура:** 3.722 мажи, 3.617 жени.

**Т-02 ВКУПНО РЕЗИДЕНТНО НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО 5-ГОДИШНИ ВОЗРАСНИ ГРУПИ И ПО ПОЛ, ПО ОПШТИНИ, ПОПИС 2021**

| | ПОЛ | ВКУПНО | ВОЗРАСТ 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ВКУПНО | 1 836 713 | 96 521 | 109 318 | 105 508 | 104 035 | 1065 53 | 116 145 | 123 101 |
| Богданци | Вкупно | 7 339 | 327 | 312 | 305 | 355 | 378 | 412 | 476 |
| | Мажи | 3 722 | 160 | 150 | 157 | 181 | 203 | 214 | 263 |
| | Жени | 3 617 | 167 | 162 | 148 | 174 | 175 | 198 | 213 |

| | ВОЗРАСТ 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 127 381 | 128 186 | 126 444 | 125 643 | 127 752 | 124 795 | 114 187 | 89 804 | 55 256 | 35 083 | 21 001 |
| Вкупно | 521 | 519 | 513 | 587 | 635 | 632 | 513 | 340 | 262 | 157 | 95 |
| Мажи | 273 | 283 | 278 | 307 | 306 | 320 | 241 | 160 | 116 | 71 | 39 |
| Жени | 248 | 236 | 235 | 280 | 329 | 312 | 272 | 180 | 146 | 86 | 56 |

**Табела 3:** Возрасна и полова структура  на населението по возрасни групи

**Образовни институции: На територијата на општината има едно средно училиште и две основни училишта.**

**Табела 4:** Население според степен на образование/формално образование

| Т-13 | ВКУПНО РЕЗИДЕНТНО НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 5+ ГОДИНИ ВО ФОРМАЛНОТО (РЕДОВНО) ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ, ПО ПОЛ, ПО ОПШТИНИ, ПОПИС 2021 |
|---|---|

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 5+ ГОДИНИ | | | НЕ ПОСЕТУВА ОБРАЗОВАНИЕ | | | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| | 1 740 192 | 861 340 | 878 852 | 1 365 699 | 674 135 | 691 564 | 186 570 | 96 306 | 90 264 |
| Богданци | 7 012 | 3 562 | 3 450 | 5 919 | 3 063 | 2 856 | 548 | 272 | 276 |

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | | МАГИСТРАТУРА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| | 80 378 | 42 304 | 38 074 | 81 293 | 36 118 | 45 175 | 10 626 | 4 717 | 5 909 |
| Богданци | 273 | 136 | 137 | 225 | 73 | 152 | 18 | 5 | 13 |

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ДОКТОРАТ | | | НЕПОЗНАТО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| | 1 885 | 856 | 1 029 | 13 741 | 6 904 | 6 837 |
| Богданци | - | - | - | 29 | 13 | 16 |

**Табела 5:** Вкупно работоспособно население-активно население

| ВКУПНО РАБОТОСПОСОБНО НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 15+ ГОДИНИ СПОРЕД ВОЗРАСТА И ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ, ПО ПОЛ, ПО ОПШТИНИ, ПОПИС 2021 | Т-14 |
|---|---|

| | ВОЗРАСНА ГРУПА | РАБОТОСПОСОБНО НАСЕЛЕНИЕ | | | АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| Богданци | Вкупно | 6 395 | 3 255 | 3 140 | 3 299 | 1 822 | 1 477 |
| | 15-19 | 355 | 181 | 174 | 27 | 16 | 11 |
| | 20-24 | 378 | 203 | 175 | 209 | 124 | 85 |
| | 25-29 | 412 | 214 | 198 | 336 | 176 | 160 |
| | 30-34 | 476 | 263 | 213 | 403 | 231 | 172 |
| | 35-39 | 521 | 273 | 248 | 439 | 228 | 211 |
| | 40-44 | 519 | 283 | 236 | 420 | 223 | 197 |
| | 45-49 | 513 | 278 | 235 | 397 | 214 | 183 |
| | 50-54 | 587 | 307 | 280 | 424 | 235 | 189 |
| | 55-59 | 635 | 306 | 329 | 427 | 230 | 197 |
| | 60-64 | 632 | 320 | 312 | 207 | 139 | 68 |
| | 65+ | 1 367 | 627 | 740 | 10 | 6 | 4 |

**Табела 6:** Број на вработени/невработени од активното население

## ВКУПНО РАБОТОСПОСОБНО НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 15+ ГОДИНИ СПОРЕД ВОЗРАСТА И ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ, ПО ПОЛ, ПО ОПШТИНИ, ПОПИС 2021

T-14

| | ВОЗРАСНА ГРУПА | ВКУПНО НЕАКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ | | | НЕПОЗНАТО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| Богданци | Вкупно | 3 014 | 1 394 | 1 620 | 82 | 39 | 43 |
| | 15-19 | 320 | 162 | 158 | 8 | 3 | 5 |
| | 20-24 | 162 | 76 | 86 | 7 | 3 | 4 |
| | 25-29 | 66 | 32 | 34 | 10 | 6 | 4 |
| | 30-34 | 66 | 29 | 37 | 7 | 3 | 4 |
| | 35-39 | 76 | 42 | 34 | 6 | 3 | 3 |
| | 40-44 | 87 | 51 | 36 | 12 | 9 | 3 |
| | 45-49 | 109 | 61 | 48 | 7 | 3 | 4 |
| | 50-54 | 155 | 70 | 85 | 8 | 2 | 6 |
| | 55-59 | 201 | 74 | 127 | 7 | 2 | 5 |
| | 60-64 | 419 | 177 | 242 | 6 | 4 | 2 |
| | 65+ | 1 353 | 620 | 733 | 4 | 1 | 3 |

## ВКУПНО РАБОТОСПОСОБНО НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 15+ ГОДИНИ СПОРЕД ВОЗРАСТА И ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ, ПО ПОЛ, ПО ОПШТИНИ, ПОПИС 2021

T-14

| | ВОЗРАСНА ГРУПА | АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ - ВРАБОТЕНИ | | | АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ - НЕВРАБОТЕНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО | МАЖИ | ЖЕНИ |
| Богданци | Вкупно | 2 949 | 1 630 | 1 319 | 350 | 192 | 158 |
| | 15-19 | 12 | 5 | 7 | 15 | 11 | 4 |
| | 20-24 | 159 | 98 | 61 | 50 | 26 | 24 |
| | 25-29 | 295 | 155 | 140 | 41 | 21 | 20 |
| | 30-34 | 370 | 211 | 159 | 33 | 20 | 13 |
| | 35-39 | 405 | 207 | 198 | 34 | 21 | 13 |
| | 40-44 | 390 | 211 | 179 | 30 | 12 | 18 |
| | 45-49 | 357 | 193 | 164 | 40 | 21 | 19 |
| | 50-54 | 384 | 216 | 168 | 40 | 19 | 21 |
| | 55-59 | 387 | 209 | 178 | 40 | 21 | 19 |
| | 60-64 | 183 | 121 | 62 | 24 | 18 | 6 |
| | 65+ | 7 | 4 | 3 | 3 | 2 | 1 |

**Табела 7:** Вкупно неактивно население

Извор (за сите презентирани податоци погоре): Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021.

https://www.stat.gov.mk/InfoGraphic/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

### *3.1.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА*

Број на активни деловни субјекти во2021 година: 260.

**Графикон 1:** Активни деловни субјекти по години – Богданци




**Графикон 2:** Активни деловни субјекти по дејност 2018/2021




**Графикон 3:** Активни деловни субјекти по големина 2018/2021




**Табела 8:** Активни деловни субјекти по големина 2018/2021 во број

**Извор (за сите презентирани податоци погоре):** Државен завод за статистика, состојба 31.12.

**Доминантни индустрии: земјоделство, транспорт, преработувачка индустрија и градежништво.**

**Главни компаративни предности на општината:** еколошки чиста и здрава средина, погранично подрачје, близина до добро развиени транспортни мрежи.

### 3.1.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во Општината Богданци има една индустриска зона – „Откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција“.

Општински поволности за инвестирање во индустриските зони: Намалување на надоместокот за уредување на градежно земјиште во зависност од бројот на новоотворени работни места, со обврска да се одржува бројот на вработувањата во период од пет години (5-20 вработувања – 25 %, 21-50 вработувања – 50 %, 51-100 вработувања – 75 %, над 100 вработувања – 100 %).

| | 2018 | | | | 2019 | | | | 2020 | | | | 2021 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Микро | Мали | Средни | Големи | Микро | Мали | Средни | Големи | Микро | Мали | Средни | Големи | Микро | Мали | Средни | Големи |
| Богданци | 192 | 79 | 8 | 3 | 201 | 83 | 7 | 3 | 171 | 91 | 7 | 2 | 160 | 91 | 6 | 3 |

**Слика 1: Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Богданци**




Индустриска зона „Откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција“

| | |
|---|---|
| **Површина** | 31.638 м2 |
| **Процент на изграденост** | изградена 6.2% |
| **Сопственост** | 100 % приватна |
| **Локација (оддалеченост од центарот на општината)** | 3,5 км (месност Горни Чаир) |
| **Инфраструктурата во зоната** | пристапни патишта, пристап до техничка вода |
| **Претпријатија што работат во зоната** | Фуел танкс цистерна |

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа ($м^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./$м^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./$м^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 5.828 | 3.429 | 15 | 61 | 500 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 2** | 3.507 | 2.153 | 15 | 61 | 500 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 3** | 4.188 | 2.650 | 15 | 61 | 500 | Г2, Г3, Г4 |

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м²) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м²) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП4** | 7.027 | 4.973 | 15 | 61 | 500 | Г2, Г3, Г4 |

**Скица 1: Урбанистички план вон населено место за изградба на откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција во м. в. Горни Чаир**




**Извор: УПВНМ вон населено место, Општина Богданци.**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 1.467 | 273 | П | 70 | 600 | Г2 |
| **ГП 2** | 677 | 71 | П | 70 | 600 | Г2 |
| **ГП 3** | 7.455 | 5.219 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 4** | 3.073 | 1.464 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 5** | 3.126 | 1.430 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 6** | 3.233 | 1.449 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 7** | 1.931 | 1.145 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 8** | 1.775 | 1.040 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 9** | 4.512 | 1.218 | П+2 | 70 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 10** | 4.557 | 3.190 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 11** | 3.977 | 2.780 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 12** | 2.930 | 1.876 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 13** | 2.800 | 1.770 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 14** | 2.742 | 1.728 | П+2 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 15** | 9.555 | 6.689 | П+2 | 70 | 600 | Г2, Г3, Г4 |

**Индустриска зона Барта**

| | |
|---|---|
| **Површина** | 64.200 м2 |
| **Процент на изграденост** | изградена 9,5% |
| **Сопственост** | државна28,3% приватна 71,7% |
| **Локација (оддалеченост од центарот на општината)** | 1 км |
| **Инфраструктурата во зоната** | пристапни патишта, водовод, канализација, електрика |
| **Претпријатија што работат во зоната** | Риве шпед, Туран ДООЕЛ, |

**Скица 2:** Урбанистички план вон населено место Богданци, локалитет Барта, за намена Г2,Г3,Г4-производство,дистрибуција и сервиси-индустриска зона, Општина Богданци




**Слика2: Локација на индустриска зона Барта – Општина Богданци**




**Туристичка зона Паљурци**

Со деталниот урбанистички план на Општина Богданци утврдени се две локации за изградба на хотели. За овие локации исто така важат општинските поволности за стимулирање на инвестициите, при што во зависност од бројот на новоотворените работни места се намалува надоместокот за уредување на градежното земјиште од 25 % до 100 %:

- 5-20 вработувања – 25 %,
- 21-50 вработувања – 50 %,
- 51-100 вработувања – 75 %,
- над 100 вработувања – 100 %.

Обврска на инвеститорот е да го одржува бројот на новоотворените работни места најмалку пет години.

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м²) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м²) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 5.470 | 3.710 | 15 | 150 | 500 | Б5 |
| **ГП 2** | 7.012 | 5.080 | 15 | 150 | 900 | В5 |
| **ГП 3** | 3.886 | 2.513 | 15 | 150 | 500 | А4 |

**Скица 3:** Урбанистички план вон населено место за изградба на верски објект – Католичка црква – Апостолски егзархат во Македонија, со хотелско-угостителски комплекс, м. в. Паљурци


УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
за изградба на ВЕРСКИ ОБЈЕКТ СО ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКИ КОМПЛЕКС
на КП бр. 2810 и дел од КП бр. 2809 и 2812 на м.в. Болован, дел од
КП бр. 2797 на м.в. Побрешко и дел од КП бр. 4209 и 4210 на мв Паљурци,
КО Богданци, општина Богданци

### 3.2 СВОТ-анализа

**Табела 9: СВОТ-анализа**

| Силни страни | Слаби страни | Можности | Закани |
|---|---|---|---|
| Поволна географска положба | Недоволно пласирање на земјоделските производи | Отворен преговарачки процес со ЕУ | Климатски промени |
| Поволна медитеранска и континентална клима | Немање водни ресурси | Користење на развојни фондови | Намалување на водните ресурси |
| Голем број на сончеви часови | Сиромаштија | Близина до меѓународни патишта | Законска регулатива |
| Развиен образовен систем | Неискористени човечки ресурси | ЈПП | Одлевање на населението (млади образовани кадри и други) |
| Поволни климатски и почвени услови за развој на земјоделството | Намалување на наталитетот | Алтернативни извори на енергија | Економска криза |
| Релативно добра поврзаност со патна и комуникациска инфраструктура | Емиграција | Богатство со подземни води | Неповолна (кредитна) политика за финансирање |
| Спорт | Нема брза помош | Археолошки локалитети | Геополитички случувања |
| Изграден колекторски систем | Нема противпожарна служба | Развој на туризмот | Загадување на околината |
| Постоен систем за наводнување | Невработеност | Подобрување на понудата на спортско-рекреативни објекти | |
| Еколошки незагадена средина | Депопулација и стареење на населението | | |
| Постоење на ММСП | Неадекватно инфраструктурно поврзување со граничните премини | | |
| Расположливи алтернативни извори на енергија (сончева, ветерна) | Немање локални медиуми | | |
| Ловни терени | Непостоење на туристичка понуда | | |
| | Застарена земјоделска механизација | | |
| | Пречистителни станици | | |
| | Немање центри за рехабилитација и згрижување | | |
| | Ниска еколошка свест | | |

## 4. Од анализи до тактики и оперативно планирање и стратешки (развојни) цели

Врз основа на спроведената социо-економска анализа на општината, како и СВОТ-анализата, врз основа на утврдените развојни проблеми, се дефинира идната насока за развој на општината преку утврдување на визијата, дефинирање на стратешките цели и формулирање на потребните мерки и развојни проекти за реализација на стратешките цели, на начин како што е прикажано на следниот графикон:

**Графикон 4: Пример за поставување цели, приоритети и мерки**




**Визија –** До 2027 година општина Богданци ќе изгради услови за брз социо-економски развој преку зачувување на здрава животна средина, подршка на инвеститорите, со развиена туристичка понуда и модерна урбана и рурална инфраструктура.

Конкретизацијата на визијата ќе овозможи остварување на три стратешки цели:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1**:** Подобрување на квалитетот на живот преку изградба на модерна урбана и рурална инфраструктура , промоција на социјалната инклузија и висок квалитет и дигитализација на јавните услуги;

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Создавање на инвестициска клима преку подршка на ММСП и развој на туризмот;

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Оддржливо управување со животната средина и справување со климатските промени.

Со стратешките цели се дефинирани приоритетите и мерките, како што следува:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Подобрување на квалитетот на живот преку изградба на модерна урбана и рурална инфраструктура , промоција на социјалната инклузија и висок квалитет и дигитализација на јавните услуги

ПРИОРИТЕТИ:
1.Подобрување на постојната и изградба на нова комуналната , енергетската и сообраќајно-транспортна инфраструктура
2.Надградба на квалитетот на јавните услуги преку подобрување на образовната ,социјалната и здравствената инфраструктура
3.Промоција на социјална инклузија на ранливите категории и зголемување на нивото на социјално заштитните активности

МЕРКИ:
1.1Изградба на нова и реконструкција на постојната комунална инфраструктура
1.2Изградба, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта и улици
1.3Зголемено искористување на обновливите извори на енергија во општината
2.1 Подобрување на веќе постоечка и изградба на нова образовна и социјална инфраструктура
2.2 Искористување на сите можности за подигање на нивото на здравствена заштита на жителите во општината
2.3 Дигитална трансформација на јавниот сектор
3.1 Зајакнување на капацитетите за социјална заштита
3.2 Воведување на нови содржини за социјално ранливите категории граѓани

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Создавање на инвестициска клима преку подршка на ММСП и развој на туризмот

ПРИОРИТЕТИ:
1.Создавање добра деловна клима согласно потребите на ММСП
2.Поддршка на развојот на примарното земјоделско производство и преработувачката индустрија
3. Туристичка инфраструктура
4. Туристичка понуда
МЕРКИ:
1.1Подршка и промоција на локалните деловни субјекти
1.2Зајакнување на капацитетите на економско социјалниот совет на општината
